# Дела на 28 скулптори ќе никнат среде Скопје

АНТОНИ Мазневски, Александар Ивановски-Карадаре, Наташа Божарова, Ангел Димовски, Сашо Саздовски, Искра Димитрова, Димитар Филиповски, Нина Нињевска, Симеон Арнаудов, Дарко Дуковски, Томе Бундевски се само дел од вкупно 28 уметници, кои со скулптури ќе го облагородуваат централното градско подрачје.

Овие уметници ги избра стручното жири специјално формирано по изминувањето на 52-дневниот конкурс, кое го сочинувале членовите-скулптори Васил Василев и Гоце Наневски, и претседател Митко Хаџи Пулја.

На конкурсот што во март го распиша Министерството за култура биле пријавени 108 проекти на 51 автор, а секој уметник имал право да конкурира најмногу со по три дела.

Во текот на следната недела е планирана средба во Министерството за култура, на која треба да се направи договор со избраните автори. Министерството на авторите треба да им исплати по 30.000 денари авторски хонорар, а ќе ги покрие и трошоците за изработка на делата.

Според пропозициите на конкурсот, идејни решенија за скулптура можеа да понудат само државјани на Република Македонија.

Од Министерството за култура велат дека скулптурите ќе имаат и едукативна мисија, зашто секојдневно би ја доближувале културната уметност до сите граѓани, а локациите каде што ќе бидат поставени сè уште не се дефинирани. Дадена е можност авторите сами да посочат локација каде што би сакале да се најде нивната скулптура.